# Миливоје Богосављевић





# Milivoje Bogosavljević



М-р Миливоје Богосављевиќ, академски вајар и сликар, е роден 1957 во Белград. Дипломирал 1982, а магистрирал 1984 на вајарскиот отсек на ФЛУ во Белград во класата на професор Никола Јанковиќ. Член е на УЛУС од 1983. Учествувал на многу групни изложби (на УЛУС, СУЛУЈ) и ликовни колонии од 1982. Самостојно излагал од 1984 во Белград, Ниш, Пожаревац, Велико Градиште, Параќин, Бања Лука, Штутгарт, Старчево, Крагуевац, Ваљево, Сремски Карловац, Бијељина, Лозница, Смедеревска Паланка, Колашин, Рашка и Риека.
Трудовите на Миливоје Богосављевиќ се наоѓаат во постојаните поставки на музеите и галериите во Пријепоље, Пожаревац, Ниш, Смедеревска Паланка и Велико Градиште, а исто така и во многу приватни колекции во земјите на поранешна СФРЈ, Австрија, Германија, Холандија, Аустралија и САД.

Презентацијата на најновите остварувања на Миливоје Богосављевиќ (Белград, СЦГ) е ликовен настан од особено значење не само поради потврдувањето на евидентноста на отвореност на македонската изложбена сцена за автори кои живеат и создаваат на поблиски и подалечни географски и културни простори, уште помалку не само поради можностите за лична афирмација, туку пред сé поради важноста од пополнувањето на поодамна присутната празнина на слични активности кои ја третираат проблематиката на исклучителна ликовна техника и дисциплина како што е акварелот, кој со своето фасцинантно возвишено совршенство зрачи од Египет, Персија, Индија, Византија, Кина... Оттука, оваа и претходните изложби на П. Петровиќ (Хрватска) и И. Кафкалевски во КИЦ Скопје, како и ликовната колонија за акварел одржана 2004 година во Пехчево, истовремено се обид за афирмација и поттикнување на оваа запоставена и маргинализирана творечка активност. Отсуството на моќноста на сензибилитетот, искуството на најдаровитите мајстори, визионерството, високо изградена ликовна култура и совршена вештина во изведбата, така неопходни во практицирањето на акварелот, во извесна смисла ја отсликуваат инфериорноста на создавачите на актуелната клима за потфати alla prima par excellence.
За веќе афирмираниот, прифатен и признаен творец во областа на скулптурата и масленото сликарство, магнетната привлечност, скриените потенцијали и тајни за ликовни истражувања кај Миливоје Богосављевиќ беа вистински предизвик за преиспитување на сопствената самодоверба, капацитет и авторска зрелост. Брзото откривање на правата суштина на овој израз, мноштвото технолошки поединости, недвосмисленаната, прецизна и студиозна природа во пристапот, му овозможија да се справи со комплексноста и деликатноста на аспектите кои градат оригинален ликовен исказ. Јасноста на стартно позиционираната идеја, акумулираното знаење и искуство, свесноста за секакво отсуство на поправки и доработки, сконцентрираноста и темпираноста за ефектно дејствување на краток временски рок, апсолвираните, беспрекорно совладани, потсвесно утврдени поуки, вклучително и внатрешните творечки потенцијали, претставуваат доволна потенцијална претпоставка за значајни ликовни остварувања.
Акцептираната објективност е само податок кој од природниот амбиент ги редуцира непотребните податоци и назнаки, фокусирајќи го својот интерес на односот на небото и земјата, притоа водејќи грижа единствено за важноста на дефинирањето на атмосферата која одвреме-навреме може да биде кристално јасна или меко магличеста. Едноставноста на призорот не е рефлексија на фактичката опсервација туку повеќе одглас на особен, автентичен, многу личен поетичен лирски субјективен, калиграфски коментар на внатрешната состојба на духот на имагинативниот сонувач, во кој, низ нежно црцорење, достоинствено и грациозно појавување или разиграно прпелкање, се вгнездиле чудни птици со рајска убавина, како акцент за сензуално оживотворување на префинета сетилна доживелица.

Гоце Божурски





од циклусот "Небесни птици"





*од циклусот "Небесни птици"*





од циклусот "Небесни птици"

 

од циклусот "Небесни птици"





*од циклусот "Небесни птици"*





Издавач: Национална установа - Центар за култура "Трајко Прокопиев" - Куманово
За издавачот: Жика Крстевски
Организатор: Роберт Цветковски
Текст: Гоце Божурски
Дизајн и компјутерска подготовка: Страшо Арсовски
Печати: "КИМЕ-ГРАФ" - Куманово
Ноември, 2005 - Куманово

Проектот е финансиран од Министерство за култура на Република Македонија